Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22) , член 31 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на РМ " бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 и („ Службен весник на РСМ"бр. 151/21) , член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14;199/14 ;48/15;154/15 ; 5/16 ; 80/16;127/16;142/16; 2/17;16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ " бр. 275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22) одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено - поправните и воспитно - поправните установи , државното правобранителство , општините , Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („ Службен весник на РСМ " бр.51/20,172/21 ) , Колективен договор за административни службеници и други вработени во Општина Крива Палана бр. 08 – 4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 22 - та седница одржана на 28 .02 .2023 година , донесе :

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Крива Паланка за 2023 година бр.09 – 4898/15 од 22.12.2022 година и тоа:

- Во Членот 14 потставката „ 404150 – Други надоместоци " се заменува со потставката „ 464990 – Други трансфери " .

- Во Членот 18 , став (1) се менува и гласи : „ Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програмите Е0 – Општинска администрација , Н1 – Основно образование , Н2 – Средно образование , В1 – Детска заштита и Ђ0 – Противпожарна заштита на расходно конто 464990 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата ".

- Во Членот 18 став (2) , потставката „ 413110 – Тековни резерви " се заменува со потставката „ 464990 – Други трансфери ".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка ".

**Бр. 09 – 1111/5**
**28 . 02. 2023 година**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**